# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗБОР И РАБОТА НА ВЕРИФИКАЦИОНАТА КОМИСИЈА НА ЗНМ

Член 1

Врз основа на статутот на ЗНМ во рамки на своите овластувања Собранието на ЗНМ го донесе овој Правилник со кој се уредува начинот на избор и работа на членовите на Верификационата комисија.

Член 2

Верификационата комисија ги има следните обврски:

- потврдува постоење работен кворум;
- потврдува постоење потребно мнозинство за гласање определена одлука;
- присуствува во целиот тек на работењето на Собранието на ЗНМ и на процедурите за избор или гласање, односно во постапки во кои е предвидено нејзино присуство со посебен Правилник или друг акт;
- ја потврдува исправноста на полномоштвата на претставниците на членките;
- го потврдува записникот за тајно гласање;
- го потврдува записникот од седницата на Собранието.

Верификационата комисија внимава на евентуалните промени на кворумот во текот на целото траење на седницата.

Член 3

Верификационата комисија ја сочинуваат 3 лица, и тоа:

- две лица од редот на редовните членови на ЗНМ;
- едно лице од редот на Стручната служба на ЗНМ.

За член на Верификационата комисија од редот на членовите може да биде избран само редовен член на ЗНМ, кој има право на глас, односно кој ги има намирено сите обврски кон ЗНМ.

Во Верификационата комисија не може да учествуваат членови на Управниот Одбор, Надзорниот одбор и Советот на честа.

Член 4

Верификационата комисија се избира во рамки на процедуралниот дел на седницата на Собранието со гласање со просто мнозинство од присутните.

Член 5

Предлагањето и гласањето на членовите на Верификационата комисија се вршат поединечно.

Член 6

Верификационата комисија има ограничен мандат на само едно собрание и тој почнува од моментот на нејзиниот избор, а завршува со заклучувањето на седницата на Собранието.

Член 7

Верификационата комисија ги потврдува записниците со потпис на сите членови на истата.

Записникот се смета за потврден доколку се потпишале двајца од членовите на Верификационата комисија.

Член 8

Членот на Верификационата комисија кој не се согласува со записникот има право во записникот да внесе забелешка дека тој не го потпишува записникот и причината поради која тоа го прави. Тој може да побара да ја потпише само својата забелешка.

Член 9

Доколку сите членови или најмалку двајца членови на Верификационата комисија не го потпишат записникот или не го потврдат постоењето на потребното мнозинство за работа или при одлучувањето – гласањето, тогаш записникот се смета дека не е потврден и не може да биде поднесен на усвојување, а донесените одлуки за кои не е потврдено потребното мнозинство се сметаат за неважечки.

Член 10

Овој правилник може да биде изменет и дополнет од страна на Собранието на ЗНМ по предлог на УО, НО, Советот на честа или на 10% од присутните членови.

Скопје,03.10.2020 година

Младен Чадиковски, Претседател

-------------------------------